**З А КО Н**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15 и 217/15), во член 9 по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

"Како основни здравствени услуги се сметаат и лековите што не се на листата на лекови од ставот 1 под а) точка 8) и под в) точка 2) на овој член, кои Јавните здравствени установи ги набавуваат по претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот.".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURIM SHËNDETËSOR**

Neni 1

Në Ligjin për sigurim shëndetësor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15 dhe 217/15), në nenin 9 pas paragrafit 4 shtohet paragraf i ri 5, si vijon:

"Si shërbime shëndetësore themelore konsiderohen edhe barnat që nuk janë në listën e barnave nga paragrafi 1 nën a) pika 8) dhe nën v) pika 2) të këtij neni, që Institucionet Shëndetësore Publike i furnizojnë pas pëlqimit paraprak të Ministrisë së Shëndetësisë dhe Fondit.".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**724.**

Врз основа на членот 34 став 3 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14 и 33/15), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 февруари 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНТОТ НА ЗАФАЌАЊЕ ОД ВКУПНИОТ ГОДИШЕН ПРИХОД НА НОСИТЕЛИТЕ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2016 ГОДИНА**

1. Се утврдува процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2016 година да изнесува 0,052% .

2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1017/1
12 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

**725.**

Врз основа на членот 12 став 4 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ број 158/10, 27/14, 42/14, 187/14 и 146/15),Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 12 февруари 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ЗА 2016 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2016 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1037/1
12 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

**726.**

Врз основа на членот 56 став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14 и 192/15), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 12 февруари 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА МЕСЕЧНИОТ НАДОМЕСТ ШТО ГО НАПЛАТУВА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА ЗА 2016 ГОДИНА**

Член 1

Собранието на Република Македонија дава согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2016 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1038/1
12 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.